ПРЕДЛАГАЧИ: ГРУПА ПРАТЕНИЦИ

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСПЕКТИ И ОБВРСКИ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА ИЗДАВАЧИТЕ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ, по скратена постапка

Скопје, август 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 13. 08. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia. Org | Број Numer | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 08 | 4452/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за проспекти и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски
Зоранчо [illegible]
[illegible]
Јане Мицевски
Тони Јаревски
Иванка Василевска
Драгана Борисова

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Законот за проспекти и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24), се уредуваат условите и постапката за понуда на хартии од вредност; условите и постапката за изработка, одобрување и дистрибуција на Проспектот што се објавува кога хартиите од вредност се нудат на јавноста или се примени за тргување на регулиран пазар; барањата во врска со обелоденувањето на периодични и тековни информации за издавачот кој успешно реализирал јавна понуда на хартии од вредност со Проспект кој го одобрила Комисијата за надзор на пазарот на капитал на Република Северна Македонија и за издавачот чии хартии од вредност се веќе примени за тргување на регулирани пазар и надзорот во врска со спроведувањето на овој закон и одмерувањето и изрекувањето на административните мерки во согласност со овој закон.

Законот за проспекти и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност(*) започнува да се применува 18 месеци од денот на објавување во Службен весник на РСМ, односно започнува со примена од 28 септември 2025 година. Започнувањето на примената на Законот за проспекти и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност(*), е поврзано со започнување на примената на Законот за финансиски инструменти.

Со оглед на тоа што се одложува започнувањето на примената на Законот за финансиски инструменти, а Законот за проспекти и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност и Законот за финансиски инструменти треба да започнат со примена на ист датум, има потреба од одложување на примената на Законот за проспекти и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Основна цел на овој Предлог на закон е одложување на рокот за усогласување на институците опфатени со Законот (Централниот депозитар за хартии од вредност, Македонската берза, инвестициските друштва и банките и инвестициските советници).

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување на Законот за финансиски инструменти не предизвикуваат фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства. Предлогот на закон за изменување на Законот за финансиски инструменти не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на Закон по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСПЕКТИ И ОБВРСКИ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА ИЗДАВАЧИТЕ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## Член 1

Во Законот за проспекти и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/2024), во членот 138 зборовите „по 18 месеци од денот на влегувањето во сила“ се заменуваат со зборовите „од 1 октомври 2026 година“.

## Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членот 1 од Предлогот на закон се врши измена на членот 138 со кој се одложува започнувањето на примената на Законот за проспекти и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност, со кој рокот за започнување на примената на Законот се предлага да биде од 1 октомври 2026 година.

Со членот 2 од Предлогот на закон се уредува влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија се меѓусебно поврзани и се надополнуваат.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на закон се овозможува одложување на рокот за започнување на примената на Законот за проспекти и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност, кој се предлага да биде од 1 октомври 2026 година.

# ИЗВОД НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСПЕКТИ И ОБВРСКИ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА ИЗДАВАЧИТЕ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ (*) КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Влегување во сила

Член 138

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува по 18 месеци од денот на влегувањето во сила.